**20180641142**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ПОДДРШКА НА ДОМАШНАТА МУЗИЧКА ПРОДУКЦИЈА**

Се прогласува Законот за престанување на важењето на Законот за поддршка на домашната музичка продукција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 април 2018 година.

Бр. 08-2437/1
4 април 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ПОДДРШКА НА ДОМАШНАТА МУЗИЧКА ПРОДУКЦИЈА**

Член 1

Со овој закон престанува да важи Законот за поддршка на домашната музичка продукција („Службен весник на Република Македонија“ број 119/13).

Член 2

Постапките во врска со конкурсите за избор на композиции започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат според одредбите од Законот за поддршка на домашната музичка продукција („Службен весник на Република Македонија“ број 119/13).

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.